**ЗАПИСНИК**
**од 9-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 08.03.2023 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** Цветанка Митревска, м-р Емилија Јаневска, Горан Радуновиќ, м-р Арбен Саити, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 9-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:30 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 8-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 27.02.2023 година.
2. Предлог - одлука за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на непрофитна радиодифузна установа, на регионално ниво, на подрачјето на регионот на Скопје, со Предлог – Конкурсна документација и Предлог – Пријава.
3. Предлог - одлука за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на непрофитна радиодифузна установа на локално ниво, на подрачјето на општина Тетово, со Предлог – Конкурсна документација и Предлог – Пријава.
4. Предлози за покренување на постапка за одземање на дозволата за ТВ и радио емитување на радиодифузери.
5. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ за прекршување на член 92 став 1 од ЗААВМУ.

6. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Превентивно и адаптивно одржување на интегриран софтвер за правно, финансиско и економско работење.
7. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - услуга: Софтвер за заштита и превенција на персонални комјутери и сервери.
8. Предлог за изменување на Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
9. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 8-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 27.02.2023 година, со текст како што беше предложен.

**Точки 2 и 3**

Г-дин Трајчевски најави дека ќе даде вовед за двете точки односно за Предлог - одлуките за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на непрофитна радиодифузна установа, на регионално ниво, на подрачјето на регионот на Скопје и на локално ниво, на подрачјето на општина Тетово, со Предлог – Конкурсна документација и Предлог – Пријава. Објасни дека неколку месеци пред нова година интерес пројави Приватната високообразовна установа Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје за добивање дозвола за радио емитување на непрофитно студентско радио за територија на град Скопје. Малку подоцна по трети пат интерес пројави и Државниот универзитет од Тетово. Во меѓувреме по официјално поднесените барања од двата универзитети, АВМУ се обрати до Агенцијата за електронски комуникации за да се добие информација дали постојат слободни фреквенции. По добивањето на официјалниот позитивен одговор од АЕК дека постојат слободни фреквенции, изработена е Студија за оправданоста за распишување на јавен конкурс која покажа дека и во двата случаи постои оправданост со оглед дека станува збор за непрофитни радија кои што минимално или воопшто нема да влијаат на останатите комерцијални радија кои функционираат на подрачјето на регионот на Скопје и локално на подрачјето на општина Тетово. Од таа причина се предлага да се распише јавен конкурс за доделување на две дозволи за радио емитување на програмски сервис на непрофитна радиодифузна установа за наведените места.

Г-дин Петрушевски, бидејќи директорот даде вовед и ги образложи двете точки, предложи прашањата и дискусиите да се одвиваат за двете предлог-одлуки а гласањето да биде за секоја точка поединечно.

Г-дин Ајдини рече дека сето она што беше важно за предложените одлуки го објасни директорот. Наведе дека е добро што има заинтересирани страни за отворање на непрофитно радио за регионот на град Скопје и за општина Тетово. Важно е што наодите од изработената Студија покажуваат дека има оправданост за да се објават двата конкурси за локално и регионално ниво. Во таа насока и од АЕК е добиен позитивен одговор дека и за двете барања има слободни фреквенции. Објасни дека

сака да даде еден предлог кој е поврзан со барањето за непрофитно радио од Универзитетот во Тетово а имајќи во предвид дека универзитетите не се баш во поволна финансиска состојба, предложи да им се излезе во пресрет односно конкурсната документација која треба да ја подигнат бидејќи е во износ од 60.000,00 денари, истата да се преполови и да изнесува по 30.000,00 денари за двата универзитети. Смета дека со овој предлог доколку се усвои ќе им се излезе во пресрет и финансиски ќе им се помогне.

Г-дин Трајчевски постави прашање до раководителите на Секторот за правни работи и јавни набавки и Секторот за економски работи, дали АВМУ има донесено некаков акт изминатиот период во врска со износот од 60.000,00 денари за подигнување тендерска документација бидејќи овој износ се наплаќа подолго време кога се распишува јавен конкурс или тие средства се определени со одлука на Совет кога одобрува да се распише јавен конкурс за доделување на дозвола?

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска објасни дека АВМУ нема донесено посебен акт и овој износ за подигнување на документацијата се определува со самата тендерска документација.

Г-дин Петрушевски по образложението го праша директорот дали се согласува со предлогот на г-дин Ајдини?

Г-дин Трајчевски одговори, со оглед на фактот дека Универзитетот од Тетово два пати поднесе барање и два пати подигна тендерска документација и при тоа му се наплати по 60.000,00 денари а конкурсот не се реализира, предложи и за Точка 2 и за Точка 3 за овој конкретен конкурс надоместокот да биде по 30.000,00 денари, секако ако Советот даде согласност.

Г-дин Петрушевски рече дека лично се согласува бидејќи се работи за студентски радија и во ова време на криза би било добро да се направи исклучок, но рече да не остане како правило за во иднина.

Г-дин Фиданоски се изјасни дека ќе даде поддршка за да се преполови досегашниот износ што се наплаќа за подигнување на тендерската документација. За Скопје рече не се знае кој се ќе се пријави на конкурсот за непрофитно радио иако барањето е поднесено од Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје. Смета дека во овие кризни моменти сумата од 30.000,00 денари е адекватна. Дополнително службата на Агенцијата им дава упатства на заинтересираните страни за правилно да ја пополнат документацијата за да можат да конкурираат за добивање на наведената дозвола.

Г-дин Петрушевски по дискусиите кои се одвиваа по точките констатира дека повеќето се изјаснија дека е прифатливо да има корекции во двете предлог-одлуки за подигање на документацијата со износ од по 30.000,00 денари. Советот немаше против.

*Гласање по Точка 2*

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за објавување на јавен конкурс за доделување на 1 (една) дозвола за радио емитување на програмски сервис на непрофитна радиодифузна установа на регионално ниво, наменет за студентската популација, зона на распределба D1 Црн Врв – подрачје на регионално ниво Скопје

(град Скопје и општините Чучер Сандево, Арачиново, Илинден, Петровец, Зелениково, Студеничани и Сопиште), на македонски јазик, кој ќе се емитува преку радиофреквенција определена од страна на Агенцијата за електронски комуникации на РСМ, и тоа: 106.5 MHz, со Конкурсна документација за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на непрофитна радиодифузна установа, на регионално ниво, на подрачјето на град Скопје и Пријава за учество на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на непрофитна радиодифузна установа на регионално ниво, на подрачјето на град Скопје.

Трошоците направени од подносителот за подготвувањето и поднесувањето на пријавата за учество на јавниот конкурс и придружната документација ќе ги сноси подносителот, односно за документацијата се плаќа надоместок во износ од 30.000,00 денари на жиро сметка: 300000000618023, на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Банка депонент: Комерцијална банка АД Скопје.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија", на веб-страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и во најмалку 2 (два) дневни весници од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија, а влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

*Гласање по Точка 3*

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за објавување на јавен конкурс за доделување за доделување на 1 (една) дозвола за радио емитување на програмски сервис на непрофитна радиодифузна установа наменет за студентската популација, на локално ниво, на подрачјето на општина Тетово, на албански и македонски јазик, кој ќе се емитува преку радиофреквенција определена од страна на Агенцијата за електронски комуникации на РСМ, и тоа: 107.2 MHz, со Конкурсна документација за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на непрофитна радиодифузна установа, на локално ниво, на подрачјето на општина Тетово и Пријава за учество на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на непрофитна радиодифузна установа на локално ниво, на подрачјето на општина Тетово.

Трошоците направени од подносителот за подготвувањето и поднесувањето на пријавата за учество на јавниот конкурс и придружната документација ќе ги сноси подносителот, односно за документацијата се плаќа надоместок во износ од 30.000,00 денари на жиро сметка: 300000000618023, на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Банка депонент: Комерцијална банка АД Скопје.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија", на веб-страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и во најмалку 2 (два) дневни весници од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република

Северна Македонија, а влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Г-дин Петрушевски по гласањето објасни дека конкурсот е отворен за сите заинтересирани страни и не значи дека ќе се пријават само двата универзитети. Важно е конкурсот да заврши успешно.

**Точка 4**

Г-дин Петрушевски во врска со Предлозите за покренување на постапка за одземање на дозволата за ТВ и радио емитување на радиодифузери, објасни дека на дневен ред се предлози за 14 радиодифузери и основот за сите е ист односно поради ненавремено плаќање на износот за годишниот надоместок за дозволата. Предложи за сите да има заедничка дискусија а потоа да се гласа за секој предлог поединечно.

Г-дин Трајчевски објасни дека кај сите 14 радиодифузери фактурата издадена за плаќање на надоместокот за радио или телевизиско емитување е намалена за 25% согласно Одлуката на Советот. Сите 14 радиодифузери во целост или делумно не го платиле надоместокот. Материјалите се доставени согласно податоците од 6 март. Во текот на вчерашниот ден имаше уплата од РА Метрополис и од РА 5 ЧОКИ од Прилеп но не во целост затоа што се уште должат одредена сума на пари односно не ја имаат уплатено во целост издадената фактура. Од таа причина за сите 14 радиодифузери се предлага за се започне постапка за одземање на дозволата.

Г-дин Петрушевски рече дека сите 14 предлози ќе ги стави на гласање и изрази надеж дека сепак радиодифузерите ќе изнајдат средства во законскиот рок да го платат надоместокот.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Радиодифузно трговско друштво АРАЧИНА ДООЕЛ с.Арачиново, Арачиново, бр.08-67 од 05.01.2015 година, поради прекршување на членот 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и (Службен весник на РСМ" бр.42/20 и 77/21).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-1003/1 од 03.03.2023 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозвола согласно Фактурата издадена од Агенцијата, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за радио емитување на Радиодифузно трговско друштво АРАЧИНА ДООЕЛ с.Арачиново, Арачиново, бр.08-67 од 05.01.2015 година.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско радиодифузно друштво РАДИО ЛА КОСТА ДООЕЛ Виница, бр.08-93 од 05.01.2015 година, поради прекршување на членот 80 став 5 од

Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и (Службен весник на РСМ" бр.42/20 и 77/21).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-1002/1 од 03.03.2023 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозвола согласно Фактурата издадена од Агенцијата, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско радиодифузно друштво РАДИО ЛА КОСТА ДООЕЛ Виница, бр.08-93 од 05.01.2015 година.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско радиодифузно друштво РАДИО 5 ЧОКИ ДООЕЛ Прилеп, поради прекршување на членот 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и (Службен весник на РСМ" бр.42/20 и 77/21).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-1001/1 од 03.03.2023 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозвола согласно Фактурата издадена од Агенцијата, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско радиодифузно друштво РАДИО 5 ЧОКИ ДООЕЛ Прилеп.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско друштво за радио – дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, бр.08-18 од 05.01.2015 година, поради прекршување на членот 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и (Службен весник на РСМ" бр.42/20 и 77/21).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-1000/1 од 03.03.2023 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозвола согласно Фактурата издадена од Агенцијата, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско

емитување на Трговско друштво за радио – дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, бр.08-18 од 05.01.2015 година.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип, бр.08-64 од 05.01.2015 година, поради прекршување на членот 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и (Службен весник на РСМ" бр.42/20 и 77/21).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-998/1 од 03.03.2023 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозвола согласно Фактурата издадена од Агенцијата, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип, бр.08-64 од 05.01.2015 година.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Радиодифузно трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје, бр.08-65 од 05.01.2015 година, поради прекршување на членот 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и (Службен весник на РСМ" бр.42/20 и 77/21).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-997/1 од 03.03.2023 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозвола согласно Фактурата издадена од Агенцијата, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за радио емитување на Радиодифузно трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје, бр.08-65 од 05.01.2015 година.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско Радиодифузно друштво ТВ ЕРА ДООЕЛ Скопје, бр.08-15 од 05.01.2015 година, поради прекршување на членот 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и (Службен весник на РСМ" бр.42/20 и 77/21).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-1023/1 од 06.03.2023 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од

Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозвола согласно Фактурата издадена од Агенцијата, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско Радиодифузно друштво ТВ ЕРА ДООЕЛ Скопје, бр.08-15 од 05.01.2015 година.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско радиодифузно друштво Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ, бр.08-55 од 05.01.2015 година, поради прекршување на членот 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и (Службен весник на РСМ" бр.42/20 и 77/21).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-1022/1 од 06.03.2023 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозвола согласно Фактурата издадена од Агенцијата, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско радиодифузно друштво Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ, бр.08-55 од 05.01.2015 година.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско радиодифузно друштво РАДИО КАВАДАРЦИ ДООЕЛ Кавадарци, бр.08-101 од 05.01.2015 година, поради прекршување на членот 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и (Службен весник на РСМ" бр.42/20 и 77/21).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-1019/1 од 06.03.2023 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозвола согласно Фактурата издадена од Агенцијата, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско радиодифузно друштво РАДИО КАВАДАРЦИ ДООЕЛ Кавадарци, бр.08-101 од 05.01.2015 година.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес, бр.08-50 од 05.01.2015 година, поради прекршување на членот 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и (Службен весник на РСМ" бр.42/20 и 77/21).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-1021/1 од 06.03.2023 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозвола согласно Фактурата издадена од Агенцијата, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес, бр.08-50 од 05.01.2015 година.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, општина Лабуништа ДООЕЛ, бр.08-56 од 05.01.2015 година, поради прекршување на членот 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и (Службен весник на РСМ" бр.42/20 и 77/21).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-1020/1 од 06.03.2023 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозвола согласно Фактурата издадена од Агенцијата, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, општина Лабуништа ДООЕЛ, бр.08-56 од 05.01.2015 година.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско радиодифузно друштво РАДИО РЕД ФМ ДООЕЛ Тетово, бр.08-133 од 05.01.2015 година, поради прекршување на членот 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и (Службен весник на РСМ" бр.42/20 и 77/21).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-1024/1 од 06.03.2023 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозвола согласно Фактурата издадена од Агенцијата, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско радиодифузно друштво РАДИО РЕД ФМ ДООЕЛ Тетово, бр.08-133 од 05.01.2015 година.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско радиодифузно друштво РАДИО МЕДИСОН ДООЕЛ Кичево, бр.08-104 од 05.01.2015 година, поради прекршување на членот 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и (Службен весник на РСМ" бр.42/20 и 77/21).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-1018/1 од 06.03.2023 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозвола согласно Фактурата издадена од Агенцијата, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско радиодифузно друштво РАДИО МЕДИСОН ДООЕЛ Кичево, бр.08-104 од 05.01.2015 година.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско радиодифузно друштво ГАЛАКСИ – 2002 ДООЕЛ Кавадарци, бр.08-100 од 05.01.2015 година поради прекршување на членот 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и (Службен весник на РСМ" бр.42/20 и 77/21).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-1025/1 од 06.03.2023 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозвола согласно Фактурата издадена од Агенцијата, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско радиодифузно друштво ГАЛАКСИ – 2002 ДООЕЛ Кавадарци, бр.08-100 од 05.01.2015 година.

Г-дин Петрушевски по гласањето рече навремено да се информираат сите 14 радиодифузери за точниот краен рок за плаќање на надоместокот за да не се случи да задоцнат еден ден па да ја изгубат дозволата. Се надева дека сите радиодифузери ќе изнајдат финансии за да продолжат да работат.

**Точка 5**

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилја Јаневска го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на ТРД Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ за прекршување на член 92 став 1 од ЗААВМУ. Објасни дека прекршокот е констатиран со контролен надзор кој што беше реализиран во февруари оваа година. Посочи дека претходната мерка врз кој се прави контролниот надзор беше изречена минатата година во декември. Со контролниот надзор се констатира дека радиодифузерот делумно постапил по изречената мерка односно го отстранил прекршувањето на член 92 став 3 од ЗААВМУ бидејќи сега има доволно македонски аудиовизуелни дела во периодот од 7 до 19 часот но се уште го прекршува членот 92 став 1 од ЗААВМУ затоа што не емитуваше најмалку 30% изворно создадена програма како македонски аудио и аудиовизуелни дела на дневно ниво. Од овие причини се предлага повторно да му се изрече мерка јавна опомена во согласност со членот 23 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка и во согласност со точката 6 од Упатството, да му се наложи во рок од 20 дена (дваесет) од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен програмски надзор, бр.10-695/1 од 10.02.2023 година и едногласно заклучи на Трговското радиодифузно друштво Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ, да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 92 став 1 од ЗААВМУ затоа што на 30 јануари 2023 година, не емитуваше најмалку 30% изворно создадена програма како македонски аудио и аудиовизуелни дела.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 20 дена (дваесет) од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 6**

Г-дин Петрушевски во врска со Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Превентивно и адаптивно одржување на интегриран софтвер за правно, финансиско и економско работење, објасни дека предвидениот износ на средствата е 296.000,00 денари, во сопственост на изворен код на Друштвото за информатички и комуникациски сервиси „Горд Системи

Сервиси“ за што Советот на оваа тема има дискутирано претходните години. Од тие причини предлогот е службата да ја спроведе постапката со преговарање.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување директорот на Агенцијата да донесе одлука за набавка на услуга: Превентивно и адаптивно одржување на интегриран софтвер за правно, финансиско и економско работење.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот - услуга: Превентивно и адаптивно одржување на интегриран софтвер за правно, финансиско и економско работење е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2023 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4766/1 од 23.12.2022 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023-та година.

**Точка 7**

Г-дин Петрушевски во врска со Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - услуга: Софтвер за заштита и превенција на персонални комјутери и сервери, објасни дека всушност станува збор за антивирусен софтвер а проценетата вредност е 250.000,00 денари без ДДВ.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување директорот на Агенцијата да донесе одлука за набавка на услуга: Софтвер за заштита и превенција на персонални комјутери и сервери.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот - услуга: Софтвер за заштита и превенција на персонални комјутери и сервери е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2023 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4766/1 од 23.12.2022 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023-та година.

**Точка 8**

Г-дин Петрушевски во врска со Предлогот за изменување на Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, објасни дека станува збор да на вработените во Агенцијата линеарно им се доделат по 2.176,00 денари. Објасни дека за Правилникот не даваат одобрување туку го носи Советот.

Г-дин Трајчевски објасни дека измените се прават заради усогласување со зголемувањето на минималната плата која стапи во сила од месец март 2023 година, со тоа што усогласувањето во Агенцијата ќе се изврши во месец април бидејќи веќе се поминати 8 дена од март а правилникот не може да важи наназад.

Советот на Агенцијата едногласно го донесе Правилникот за изменување на Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со текст како што беше предложен.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изработи пречистен текст на Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Горенаведениот подзаконски акт да се објави на огласната табла на Агенцијата.

**Точка 9**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Бр. 02-1007/22**

**13.03.2023 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**